Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/2014, 44/2015, 193/2015 , 31/2016 ,163/16, 64/18 и 168/18 ) , Градоначалникот на Општина Кочани донесе

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека Градоначалникот на Општина Кочани донесе Одлука за организирање **јавна презентација и јавна анкета по** Детален урбанистички план за градска четврт 14 од ГУП за град Кочани , Општина Кочани , плански период 2019-2024 предлог план со Технички број 0801/627/18 од март 2019, со површина 40,21 ха , изработен од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје .

**Детален урбанистички план за Градска Четврт 14 од ГУП за град Кочани , Општина Кочани,** плански период од 2019-2024г. се наоѓа во јужниот дел од град Кочани .

Границите на планскиот опфат се следните:

- на **исток** границата започнува од најсеверната точка 1 и се движи во јужен правец долж осовината на коритото на Кочанска Река , при тоа сечејќи ги КП16759/1 и КП16881, се до најјужната точка 48 (точка на тромеѓето на КП16759/1, КП16670 и КП16902, КО Кочани, Општина Кочани).

- на **југ** границата е воедно и дел од јужната граница на ГУП на Град Кочани, започнува од точката 48 и се движи во западен правец, долж северната граница на профилот на магистралнот пат „А3“ (Штип – Кочани – Делчево), односно по границите на КП16670, КП16671 и КП16672 со КП16902, сѐ до прекршната точка 59. Оттука, скршнува во северен правец, отпрвин долж границата на КП16672 со КП16698/1 – до точката 60, а потоа сече сечејќи ја КП16772 во северен правец, сѐ до точката 61 на осовината на државната железничка пруга „Д-II“ (Соколарци – Кочани). Потоа продолжува повторно во западен правец сечејќи ја КП16772, КО Кочани, Општина Кочани, по осовината на пругата, сѐ до најзападната точка 70.

- на **запад** границата отпрвин ги сече КП16772, КП16682 и КП16898 во северен правец, сѐ до точката 72 на осовината на улицата „Димитар Влахов“. Оттука се движи во источен, па во северен правец долж осовината на улицата „Димитар Влахов“ (при тоа сечејќи ги КП16898, КП16833/1, КП13557/2 и КП13558, КО Кочани, Општина Кочани), сѐ до точката 100 на крстосницата меѓу сервисната улица „Димитар Влахов“ и собирната улица „Стево Теодосиевски“, како што се планирани со ГУП на Град Кочани 2013 – 2023.

- на **север** границата се движи во источен правец долж осовината на собирната улица „Стево Теодосиевски“, при тоа сечејќи ги КП13558, КП16854, КП13557/1, КП13556, КП13555/3, КП13555/2, КП13554, КП13541/1, КП13541/2, КП13537/1, КП13537/2, КП13539, КП16776/1 и КП16759/1, КО Кочани, Општина Кочани, сѐ до почетната точка 1 на коритото на Кочанска Река.

Улици кои влегуваат во границите на планскиот опфат се следните:

Ул. „ Стево Теодосиевски“, ул. „ Димитар Влахов“, ул. „Иво Лола Рибар“, ул.„ Глигор Апостолов Гочо“ , ул.„ Лазар Андонов“, ул. „ Брегалничка“, ул.„ 8-ми март“.

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по**

Детален урбанистички план за градска четврт 14 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани плански период 2019-2024 предлог план**,** ќе се одржи на ден **16.04.2019г. со почеток во 12$^{00}$** часот во салата на советот на Општина Кочани.

**ЈАВНА АНКЕТА по**

Детален урбанистички план за градска четврт 14 Општина Кочани плански период 2019-2024 предлог план ќе трае 15 работни дена , а ќе се спроведе во периодот од **12.04.2019 год.** до **06.05.2019 год**. во кој рок заинтересираните физички и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт забелешки и предлози на **анкетни листови ,** во писмена форма, кои можат да ги подигнат во архивата во општинската зграда, од веб страната на Општина Кочани, или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од деталниот урбанистички план ке биде изложен на огласна табла пред влезот на зградата на Општина Кочани , на веб страната на општината www.kocani.gov.mk. , а подетални информации во врска со урбанистичкиот план ќе можат да се добијат во одделението за урбанизам и заштита на животна средина кое се наоѓа на 1кат во општинската зграда.

Изработил/МСЈ

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
По овластување на Градоначалникот
Бр.08- 1877/13 од 25.10.2017 год.
**Раководител на сектор**
**Зоран Манасиев**

**Бр.22-183/8**
**04.04.2019 год.**
**Кочани**

**ОПШТИНА КОЧАНИ** **АНКЕТЕН ЛИСТ**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр 199/2014, 44/2015 , 193/2015, 31/2016 ,163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Кочани организира ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по

**1.** Детален урбанистички план за градска четврт 14 од ГУП за град Кочани Општина кочани плански период 2019-2024 предлог план со Технички број 0801/627/18 од март 2019, со површина 40,21 ха , изработен од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје .

2. Место на излагање на планот- огласна табла пред влезот на зградата на Општина Кочани , на веб страната на општината www.kocani.gov.mk. , е-урбанизам;

3.Време на излагање **12.04.2019 год. до 06.05.2019 год**.

**Податоци за граѓани и правни лица кои даваат забелешки**

---

1. Правно /физичко лице
   (наслов на правното лице/име и презиме)

---

2. Адреса и број на телефон

---

3. Адреса на објектот ,
катастарска парцела
или опис на локалитетот
за кој се дава забелешка

---

4. ЗАБЕЛЕШКА

Прилог: Имотен лист и копија од катастарски план

Дата ____________ Печат ____________ Потпис ____________

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ НА НИВО НА ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ

| ЧЕТВРТ 14 | намена на површини | класа на намена | површина на парцели | процент |
|---|---|---|---|---|
| | | шифра | m² | % |
| 1 | А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ | А1 | 67174 m² | 16,71% |
| 2 | А2 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ | А2 | 3570 m² | 0,89% |
| 3 | Б1 - МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | Б1 | 133 m² | 0,03% |
| 4 | Б3 - ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ | Б3 | 487 m² | 0,12% |
| 5 | Б5 - ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | Б5 | 23606 m² | 5,87% |
| 6 | Б6 - ГРАДБИ ЗА СОБИРИ | Б6 | 50823 m² | 12,64% |
| 7 | В1 - ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА /ОСНОВНО И СРЕДНО УЧИЛИШТЕ/ | В1 | 17779 m² | 4,42% |
| 8 | Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | Г2 | 15384 m² | 3,83% |
| 9 | Д1 - ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО | Д1 | 4346 m² | 1,08% |
| 10 | Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | Д2 | 32026 m² | 7,96% |
| 11 | Д3 - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | Д3 | 39374 m² | 9,79% |
| 12 | Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА /СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ/ | Е1 | 144624 m² | 35,97% |
| 13 | Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА/ | Е2 | 2616 m² | 0,65% |
| 14 | Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА /ТРАФОСТАНИЦА/ | Е2 | 168 m² | 0,04% |
| Вкупно | | | 402109 m² | 100,00% |

| ЧЕТВРТ 14 | намена на површини | класа на намена | површина на парцели | процент |
|---|---|---|---|---|
| | | шифра | m² | % |
| 1 | А - ДОМУВАЊЕ | А | 70744 m² | 17,59% |
| 2 | Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | Б | 75048 m² | 18,66% |
| 3 | В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | В | 17779 m² | 4,42% |
| 4 | Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | Г | 15384 m² | 3,83% |
| 5 | Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА | Д | 75746 m² | 18,84% |
| 6 | Е - ИНФРАСТРУКТУРА | Е | 147409 m² | 36,66% |
| Вкупно | | | 402109 m² | 100,00% |




# ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
# ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ 14
## ОД ГУП ЗА ГРАД КОЧАНИ
## ОПШТИНА КОЧАНИ
## ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2019-2024
## ПРЕДЛОГ ПЛАН
## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ФАЗА У

BILD URBAN

ЦРТЕЖ: СИНТЕЗЕН ПЛАН

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ 14 ОД ГУП ЗА ГРАД КОЧАНИ, ОПШТИНА КОЧАНИ

ЛИСТ БР. 8

ТЕХ. БР. 0801/627/18 М 1:1000


ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0070
ИГОР ПОПОВСКИ, д.и.а., овл. бр. 0.0389

СОРАБОТНИЦИ:
ЛИМБА МИНОВА, м-р инж. арх.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ


ДОНЕСУВАЧ: ОПШТИНА КОЧАНИ

ЛОКАЦИЈА: О. КОЧАНИ 03.2019